**ЗАПИСНИК**

**Записник од одржана Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животната средина за спроведување на проектот „Изградба на парк на ветерни електрани село Дрен, општина Демир Капија и општина Гевгелија", одржана на 23.08.2018 (четврток) во салата на општина Демир Капија**

На ден 23.08.2018 година, во салата на општина Демир Капија, се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот „Изградба на парк на ветерни електрани село Дрен, општина Демир Капија и општина Гевгелија". Јавната расправа која ја организира Министерството за заштита на животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот КАЛТУН ЕНЕРЏИ ДОО, Скопје, започна во 13:00 часот.

Присутни:

- Александар Петковски- Помошник раководител на Сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)
- Сашо Илиќ – Раководител на одделение за заштита од бучава во животната средина, Сектор за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)
- М-р Славица Биљарска, презентер на студијата
- Весна Струмениковска, претставник од ЕВОЛВИНГ ДОО Скопје
- Зејнула Хусеин, претставник на инвеститорот КАЛТУН ЕНЕРЏИ ДОО, Скопје
- Мерт Ајдин, претставник на инвеститорот КАЛТУН ЕНЕРЏИ ДОО, Скопје
- Претставници од општина Демир Капија
- Засегнати граѓани (Листа на присутни дадена во прилог)

Јавната расправа се одвиваше по следниот дневен ред:

**1. Отворање**

Јавната расправа ја отвори Александар Петковски, Помошник раководител на Сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните (претставници од страна на Министерството за животна средина, инвеститорот- КАЛТУН ЕНЕРЏИ ДОО, Скопје), претставник на изготвувачот на Студијата, ја презентираше истата.

**2. Презентација на студијата за оцена на влијание врз животната средина**

Целта на реализирање на проектот за изградба на парк на ветерни електрани во село Дрен, општина Демир Капија, е искористување на потенцијалот на ветерот

(детектиран преку извршените мерења) и придонес кон производство на електрична енергија од т.н. „чисти извори". Со тоа ќе се придонесе кон зачувување на животната средина и кон обезбедување на енергетска стабилност во Р Македонија.

Врз основа на видот и големината на проектот, МЖСПП го задолжи инвеститорот да изработи Студија за оцена на влијанието врз животната средина. Студијата е изготвена согласно утврдениот обем од страна на МЖСПП и стандардите за ОВЖС на Светската Банка, а нејзина основна цел е: идентификација на базните услови на животната средина, како и основните социо- економски услови во подрачјето каде ќе се спроведува проектот, предвидување и опис на веројатните ефекти / влијанија од проектот, предлог мерки за намалување на влијанијата, каде тоа е неопходно и план за управување со животната средина.

Беше презентирана постапката за спроведување на оцена на влијание на проектот врз животната средина и можните влијанија од изградбата на експлоатацијата на паркот на ветерни електрани.

Со проектот, предвидено е да се изградат 10 столба на коишто ќе се постават турбини со моќност од 3,5MW, да се догради и прошири постојниот пристапен пат и да се изгради ТС 20(30)/110kV со приклучен далекувод 110kV.

Најголем дел од површината опфатена со проектот катастарски и припаѓа на општина Демир Капија, а дел навлегува во општина Гевгелија.

Во студијата направена е детална и сеопфатна оценка на можните влијанија врз животната средина, со посебен акцент на биодиверзитетот, флората и фауната, предложени се мерки за заштита, ублажување и намалување на потенцијалните негативни влијанија за кои инвеститорот се обврзува да ги почитува. Исто така во текот на фазите на изградба и оперативност на Паркот на ветерни електрани ќе биде спроведуван План за управување и мониторинг на животната средина.

**3. Дискусија**

Претставнокот на општина Демир Капија, Тони Петков, пред присутните истакна дека вакви инвестиции кои имаат многу поголем позитивен ефект за општината отколку негативни влијанија врз животната средина се добредојдени и општината ги поддржува.

По исцрпување на дискусијата, јавната расправа беше затворена во 13:45 часот.

**Листа на присутни лица на Јавната расправа за проектот: Изградба на Парк на ветерни електрани „ДРЕН“ на територијата на општина Демир Капија одржана на ден 23.08.2018 година, со почеток во 13:00 часот**

| Р. бр. | Име и презиме | Институција | Контакт тел. и e-mail |
|---|---|---|---|
| 1 | Александар Петровски | МЖСПП | 076455560 a.petrovski@moepp.gov.mk |
| 2 | Славица Бишарски | Еволвинг | 070/206364 slavica@evolving.mk |
| 3 | Весна Струменикoвска | Еволвинг | 070/276-605 vesna@evolving.mk |
| 4 | Сашо Илиќ | МЖСПП | 072/205-160 s.ilic@moepp.gov.mk |
| 5 | Анета Ристова | опш. Демир Капија | 072 250 813 aneta.ristova@opstinademirkapija |
| 6 | Јулијана Ристова | опш. Демир Капија | 072-539-332 julijana-ristova@yahoo.com |
| 7 | Игор Николовски | ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА | 071490097 me_bitola@hotmail.com |
| 8 | Благој Јовановски | Општина Демир Капија | 075-502-528 blagojjovanovski23@gmail.com |
| 9 | ТОНИ ПЕТКОВ | ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА | 070-303-641 tony_petkov@yahoo.com |
| 10 | MERT AYDIN | KALTUN ENERJİ | 078 215-564 |
| 11 | Zejnullah Husein | KALTUN EERJi | 078 215-564 |
| 12 | | | |
| 13 | | | |
| 14 | | | |
| 15 | | | |
| 16 | | | |
| 17 | | | |
| 18 | | | |
| 19 | | | |
| 20 | | | |
| 21 | | | |
| 22 | | | |
| 23 | | | |